Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 54, 15 февруари 2011 година

февруари 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област дизајнирање на текстил и облека на Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставното-научното подрачје филозофија на Педагошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област биофизика и оптика на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област етика на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент по предмети од научната област социологија на масовни комуникации и информации на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 27

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТИ ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ СОЦИОЛОГИЈА НА МАСОВНИ КОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАЦИИ НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на седницата одржана на 13.12.2010 година, донесе Одлука (бр. 1602-114/14) за формирање на Рецензентската комисија за избор на наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област социологија на масовни комуникации и информации на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, во состав:

1. д-р Стеван Алексоски – редовен професор,
2. д-р Владо Петровски - редовен професор,
3. д-р Војо Беловски – доцент.

По разгледување на приложените материјали и преземените активности, согласно со Законот и актите на Правниот факултет при Универзитетот „,Гоце Делчев“ - Штип, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс во весникот „Дневник“ и „Лајм“, објавен на ден 7.12.2010 година, за избор на наставник во звање насловен доцент на насоката Новинарство и односи со јавноста на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип се пријави само кандидатот **д-р Иван Блажевски,** доктор на социолошки науки, вработен во МВР.

Врз основа на член 142 од Законот за високото образование и член 131 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира:

1. д-р Иван Блажевски, доктор на социолошки науки, навремено ја доставил пријавата со потребните документи во предвидениот рок утврден во Конкурсот.
2. Условите по објавениот Конкурс ги исполнува во целост.
3. Пријавата на кандидатот, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следната состојба:

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Иван Блажевски** е роден на 25 април 1979 година во Битола, каде што го завршува основното и средното образование.Во 2001 година станува офицер на ОМЕ, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје. Во 2006 година се стекнува со академско звање **магистер на социолошки науки,** на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.

Во 2010 година се стекнува со академско звање **доктор на социолошки науки** на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.

Од август 2001 до февруари 2002 г. е командир на тенковски вод, АРМ, Министерство за одбрана. Од февруари 2002 до мај 2004 година е командир на караула „Маркова Нога“, АРМ, Министерство за одбрана.

Во 2004 година присуствува на Обука за менџерско усовршување, OSCE Spillover Monitor Mission to Skopje.

Во 2004 година присуствува и на Обука за откривање на фалсификувани документи,EUPOL PROXIMA.

***Кандидатот учествува на повеќе семинари, конференции и конгреси во странство:***

1. **Интернационален семинар за „Операционално водење за станични командири"**, Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces (DCAF), Љубљана, Словенија, септември 2004 г.
2. **Интернационален семинар за „Операционално водење за станични командири"**, Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces (DCAF), Унгарија, мај 2004 г.
3. **Меѓународна научна конференција** по повод 30-годишнината на Педагошкиот факултет во Добрич, Р.Бугарија, октомври 2002 г.

***Научни и стручни трудови***

- **„Етика на животната средина – симбиоза на општествените и природно-научните сознанија"**, Меѓународна научна конференција *Знаењето – капитал на иднината*, 26-29.11.2009 год., Охрид, Р.Македонија (коавторски труд)
- **„Научните сознанија во функција на подигање на еколошката свест"**, Меѓународна научна конференција *Знаењето – капитал на иднината*, 26-29.11.2009 год., Охрид, Р.Македонија (коавторски труд)
- **"Ethics in e-Learning"**, Зборник на Втората балканска конференција *Науката, образованието и уметноста во 21 век*, 27-28.9.2008 год., Благоевград, Р.Бугарија
- **„Човекољубието во православието и исламот"**, списание *Учител*, Педагошкиот факултет, Битола, март 2007 год.
- **„Заедничката морално – вредносна ориентација на православието и исламот како основа за меѓуетнички дијалог"**, Годишник на Институтот за социолошки и политичко-правни истажувања, Скопје, 2006 год.
- **„Нормите – предуслов на модерното образование"**, Меѓународен научен семинар *Учителот на 21 век*, 26.5.2002 год., Охрид, Р.Македонија

***Проекти***

- Проект за модернизација на образованието, Светска банка, БРО во реализација на ФОН универзитет, соработник – обучувач, февруари – март 2010 г.

Согласно со Правилникот за единствени критериуми за избор во наставни, наставно - научни,наставно - стручни и соработнички звања при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, тој ги има остварено следниве поени кои се однесуваат на нејзината целокупна активност:

( НО + НИ+САОР):

- наставно-образовна (НО ) = 36,2
- научноистражувачка (НИ ) = 41,9
- стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР ) = 5

ВКУПНА АКТИВА ( НО + НИ+САОР)= 83,1.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените материјали, разгледувајќи ги неговите професионални активности и научноистражувачката активност на пријавениот може да се аргументира со следниве индикатори.

Кандидатот д-р Иван Блажевски како со својот беспрекорен професионален ангажман, така и со целокупниот творечки опус се промовира во личност која во себе подеднакво инкорпорира, педагог, истражувач и научник.

Креативната љубопитност, темелниот пристап, систематичноста и особено високата професионална свест во извршување на поставените задачи се основни особини што го одбележуваат интелектуалниот код на д-р Иван Блажевски, кој одамна ја надминал својата професионална средина со широкиот радиус на владеење со научната област, што и овозможува континуирана комуникација со пошироката домашна и светска научна јавност.

Во таа смисла, д-р Иван Блажевски, искуствата и стекнатите сознанија од учество на меѓународни семинари и конференции ги користи и ги имплементира во нашата научно-образовна средина.

Ако се земе предвид дека во неговата сфера на интерес тоа го легитимира како научник кој дава и ќе даде непроценлив придонес не само во новинарството, туку и во едукацијата на идните новинари во Македонија со неговиот избор за наставник по предметите на насоката Новинарство и односи со јавноста на Правен факултет во Кочани.

Земајќи го предвидт широкиот дијапазон на интерес и активности како личност, научник и истражувач, впечатокот за исклучителноста на неговиот интелектуален изглед е неоспорен.

Кандидатот д-р Иван Блажевски има исклучително богата активност во сите сфери на научноистражувачката и апликативно - раководната активност. Поради тоа може да се констатира дека го надминува определениот квантум да биде избран во наставно звање насловен доцент, затоа што има остварено вкупно 83,1 поени.

Поради наведеното, Комисијата му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип **д-р Иван Блажевски да го избере за наставник по предметите од областа на социологија на масовни комуникации и информации на насоката за Новинарство и односи со јавноста, во звање насловен доцент, согласно со објавениот Конкурс.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Стеван Алексоски, с.р.**
**Д-р  Владо Петровски, с.р.**
**Д-р Војо Беловски, с.р.**

**ПРИЛОГ**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Иван Блажевски, според критериуми-те за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Вежби на МИТ универзитет на Факултет за информатичка технологија и Факултет за менџмент по предметот Деловна комуникација од 2007 до 2009 | Учебна 2007/2009 12*2*4*0,2 | | 19,2 |
| Интерна скрипта за вежби | 1*2 | | 2 |
| Издавање на наставни содржини и помагала во електронска форма (на ЦД) | 6*1 | | 6 |
| Статија во наставно-образовно списание | 9*1 | | 9 |
| **Вкупно** | | | 36,2 |
| **Научноистражувачка активност (НИ)** | | | |
| Труд со оргинални научни резултати | 3 индивидуални | Индивидуални =1,3 | 3,9 |
| Труд објавен во зборник од научен собир | 2 | 1 | 2 |
| Одбранет магистерски труд | Во земјата 1*4 | | 4 |
| Одбранет докторски труд | Во земјата 1*8 | | 8 |
| Учесник во научен собир со реферат | Во странство2*6 | | 12 |
| Секциско предавање на научен собир | Во странство 4*3 | | 12 |
| Вкупно | | | 41,9 |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | |
| Учество во научен проект | Во земјата= 1 | Во земјата =5 | 5 |
| **Вкупно** | | | 5 |
| **Вкупно НО+ НИ + стручно-апликативно 36,2+41,9+5=83,1** | | | 83,1 |